# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 11 04.12.2023, понеделник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка” Валандово................. 2
**2. Решение** за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка” Валандово......................................................... 2
**3.Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година................................................ 2
**4.Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година................................................................................ 2
**5.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово........................................................................... 3
**6.Одлука** за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово …............................................. 3
**7.Решение** за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата..................................................................... 3
**8.Одлука** за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата........................................................................... 3
**9.Решение** за објавување на Одлуката за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка “Калинка” Валандово за 2024 година................................................ 4
**10. Одлука** за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка “Калинка” Валандово за 2024 година................. 4
**11. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година...................................................................................4
**12. Заклучок** за усвојување на Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година................................................ 4
**13. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово.................................. 5
**14. Заклучок** за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово......................................................................... 5
**15. Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година........................... 5
**16. Програма** за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година.................................................................................. 5
**17. Решение** за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година.............. 6
**18. Програма** за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година................................................. 6
**19. Решение** за објавување на Правилникот за организационата поставеност на „Фолк Фест“ Валандово......................................................................... 10
**20. Правилник** за организационата поставеност на „Фолк Фест“ Валандово................................................................ 10

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка” Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка” Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/9 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 114 став 8 и 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово а имајќи го во предвид Барањето за именување нов претставник на УО на ЈОУДГ „Калинка” бр.02-89/4 од 27.10.2023 година заверено под бр.08-126/1 од 20.11.2023 година, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка“ Валандово**

1. Од член на Управен одбор на на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово – претставник на Општина Валандово согласно евиденцијата за реализирани состаноци на УО се разрешува:

- Марија Јосифовска, дипл. семејнолог

2. За претставник на Општина Валандово за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово со мандат од 4 години, се именува:

- Маријана Кнежевиќ.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-134/9 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/2 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите (“Службен весник на РМ” бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на РСМ” бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 Нафта за греење | 0 | 0 | - 50.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| **ЊО ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 401130 Основни плати- други вработени | 0 | 0 | - 200.000 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |

**К2 МУЗИЧКО И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | - 11.110 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 11.110 | 0 | 0 |

**В1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -57.000 | 0 | 0 |
| 401320 Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 57.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Бр.08-134/2 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/4 Градоначалник
29.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување средства за реализиција на програмски активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово и се обрувaат средства во износ од 30.000,00 денари за реализиција на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО - Совет на општина, подставка 463160 - трансфери до хуманитарни организации, на сметка на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово број 200000001356537 депонент Стопанска Банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-134/4 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/10 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38, член 25 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата бр.08-103/7 од 08.11.2021 година**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на Комисија за јавно осветлување и за избирање на претседател и на членови на комисијата бр.08-103/7 од 08.11.2021 година во член 1 се врши следната измена:

- Членот на Комисијата за осветлување „Никола Пејовски" се заменува со името

„Славе Станисавовски".

**Член 2**

Останатите одредби од Одлуката останувaат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-134/10 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.08-134/11 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 2 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 104/19,146/19, 275/19, 311/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница одржана на 29.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово воведува бесплатен престој на децата згрижени во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово, за 2024 година.

**Член 2**

Надоместокот на трошоците за престој во ЈОУ Детска градинка „Калинка" Валандово, што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите, согласно уредбите предвидени во Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца – детска градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите, ќе ги сноси Општина Валандово.

**Член 3**

Износот на надоместокот на трошоците предвиден во Член 2 од оваа Одлука, ќе биде трансфериран месечно на ЈОУ Детска градинка „Калинка" Валандово од Буџетот на Општина Валандово, од средствата наменети за социјални трансфери, врз основа на месечен извештај поднесен од административните служби на ЈОУ Детска градинка „Калинка" Валандово.

**Член 4**

Со оваа Одлука ќе бидат опфатени сите деца згрижени во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово, кои се жители на Општина Валандово, согласно сместувачките капацитети во градинките, по возрасни групи и видови на престој.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Општина Валандово".

Бр.08-134/11 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Нацрт – Буџет на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/3 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, расправаше по Нацрт - Буџетот на Општина

Валандово за 2023 година, па врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Нацрт - Буџет на Општина Валандово за 2024 година со вкупно планирани приходи и расходи од 281.831.000,00 денари, со забелешките произлезени од расправата на седницата.

2. Нацрт Буџетот на Општина Валандово за 2023 година се става на јавна расправа и се објавува на ВЕБ страната на Општина Валандово.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-134/3 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/6 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Советот на Општина Валандово, на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, расправаше по Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која ја зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 28.07.2022 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која ја зафати дел од подрачјето на Општина Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за измена на елаборат за проценети штети од елементарна непогода: луња и град која ја зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 28.07.2022 година, на вкупен износ на утврдени и проценети штети од 13.825.7 илјади денари односно (13.825.675,08 денари).

2. Измената на елаборатот да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-134/6 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/7 Градоначалник
30.11.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/20"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22, 3/23, 4/23, 5/23, 6/23 и 9/23), Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, во точка Г се додаваат нови подточки Г7 и Г8 кои гласат:

„Г 7: Се започнува постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план задел од КП 1875/1;КП 1875/3;КП 1875/4;КП 1875/5 и КП КП 1888 КО ВАЛАНДОВО-ВОНГРАД,Општина Валандово,со намена Г4-Стоваришта и складови, за опфат кој ги опфаќа дел од КП 1875/1;КП 1875/3; КП 1875/4; КП 1875/5 и КП КП 1888 КО ВАЛАНДОВО-ВОНГРАД, општина Валандово согласно член 58 став 6 („Сл.Весник на РСМ" 32/2020), поднесена од Митко Шарланџиев со адреса на живеење ул.,,11-ти Септември,,бр 23 Струмица.

Г 8: Се започнува постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1889/1; дел од КП 1889/2; КП 1891/1; КП 1891/3; КП 1891/4; КП 1891/5; КП 1892/1 и КП 1892/2 КО ВАЛАНДОВО-ВОНГРАД,Општина Валандово,со намена Г4-Стоваришта и складови,за опфат кој ги опфаќа КП 1889/1; дел од КП 1889/2;КП 1891/1; КП 1891/3; КП 1891/4; КП 1891/5; КП 1892/1 и КП КП 1892/2 КО ВАЛАНДОВО-ВОНГРАД , општина Валандово согласно член 58 став 6 („Сл.Весник на РСМ" 32/2020), поднесена од Митко Шарланџиев со адреса на живеење ул.,,11-ти Септември,,бр 23 Струмица.

Финансирањето на изработката на урбанистичките проекти со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијатите за изработка на урбанистичките проекти".

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-134/7 | Совет на Општина Валандово |
| 29.11.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1161/8 | Градоначалник |
| 30.11.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ.бр.5/2002), член 21 став 1 точка 3 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година**

**I. Општ дел**

Основа на Програмата за работа на Советот на Општина Валандово во 2024 година, се надлежностите на Советот, утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локалната самоуправа, другите закони со кои се уредуваат надлежностите на локалната самоуправа, како и Статутот на општината и Деловникот за работа на Советот на Општина Валандово.

Програмата дава основни насоки за работа на Советот, а дава простор и за нејзино дополнување со актуелни прашања од делокругот на неговите надлежности, предложени од овластени предлагачи.

**II.Посебен дел**

**<u>Јануари 2024 год.</u>**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис" Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

3. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис" Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

4. Извештај за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

5. Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2023 година;
Изготвува: Командир на ТППЕ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

6. Извештај за работата на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2023 година;
Изготвува: Дом на култура „25-ти Мај“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

7. Програма за работа на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година;
Изготвува: Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

8. Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за јавно осветлување.

9. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2023 година;
Изготвува: Командир на ПС од општа надлежност Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**Февруари 2024 год.**

1. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, со завршна сметка; Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

**Март 2024 год**.

1. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2024 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

2.Завршни сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2023 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3.Завршни сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2023 година;
Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

4. Завршни сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Валандово за 2023 година;
Изготвува: ООУ „ Страшо Пинџур” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

5. Завршни сметки на ЈОУДГ„Калинка” Валандово за 2023 година;
Изготвува: ЈОУДГ„Калинка” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**Април 2024 год.**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**Мај 2024 год.**

1. Информација за состојбата со дивите депонии во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

2. Информација за комуналниот ред во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за инспекциски работи;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

**Јуни 2024 год.**

1. Информација за спроведените подготовки и презearmenите мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

2. Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**Август 2024 год.**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2025 година.
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

3. Полугодишен Извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Годишен план за вработување на ЈП “Комунален Сервис” Валандово за 2025 година.
Изготвува: ЈП “Комунален Сервис” Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

5. Годишен Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/24 година; Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

6. Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2024/25 година; Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

7. Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

8. Годишен Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за учебната 2023/24 година; Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

9. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово за учебната 2024/25 година;
Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

10. Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово за 2025 година;
Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

11. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

12. Годишен Извештај за работата на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2023/24 година;
Изготвува: ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

13. Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2024/25 година;
Изготвува: ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

14. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: ЈОУДГ „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

15. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

16. Информација за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Валандово во првите шест месеци од 2024 година;
Изготвува: Командир на ПС од општа надлежност;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**Септември 2024 год.**

1. Годишен Извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/24 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев “ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

2. Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/25 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев “ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**Октомври 2024 год.**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3. Програма за одбележување на „6-ти Ноември“;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**<u>Ноември 2024 год.</u>**

1. Предлог-План на програмите за развој;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Нацрт-Буџет на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**<u>Декември 2024 год.</u>**

1. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува/предлага: Комисија за изготвување Програма за работа.

2. Предлог – Годишна Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

3. Предлог – Годишна Програма за уредување на градежното земјиште во Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Предлог – Годишна Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

5. Предлог – Годишна Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

6. Програма за работа на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

7. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
Предлага: Комисија за јавно осветлување.

8. Програма за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2025 година;
Изготвува: Командир на ТППЕ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

9. Предлог - Програма за млади на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Локален младински совет;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

10. Предлог-Програма за одбележување значајни настани, дати и личности во 2025 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за спомен одбележување.

11. Предлог – Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за финасирање, буџет и локален економски развој.

12. Предлог – Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2025 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

13. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2025 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

14. Предлог – Програма за активности на Општина Валандово во областа на спортот и млади во 2025 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

15. Финансиски план на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025 година;
Изготвува: ЈОУДГ „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

16. Предлог-Буџет на Општина Валандово за 2025 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**III. Нормативен дел**

По материјалите кои се предвидени со оваа програма да бидат предмет на расправа на седниците на Советот на Општина Валандово, претходно ќе расправат надлежните тела на Советот, согласно надлежностите утврдени со Статутот.

Советот по материјалите за кои расправа, во рамките на својот делокруг на работа, донесува Буџет, планови, програми, одлуки, решенија, заклучоци и дава мислење и утврдува насоки.

**IV. Завршен дел**

Советот на Општина Валандово ќе расправа и по прашања од рамките на својот делокруг на надлежности кои не се опфатени со Програмата за работа, а кои ќе произлезат од тековното работење и се актуелни во дадениот момент.

Реализирањето на Програмата ќе се врши преку надлежните комисии на Советот, чии претседатели се должни доследно да ги почитуваат утврдените термини.

Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2024 година, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“, а со нејзино реализирање ќе се отпочне од 01.01.2024 година.

Бр.08-134/8 — Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилникот за организационата поставеност на„Фолк Фест“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Правилникот за организационата поставеност на „Фолк Фест“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и осмата редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година.

Бр.09-1161/5 — Градоначалник
30.11.2023 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 36 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и осмата редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА “ФОЛК-ФЕСТ“ ВАЛАНДОВО**

**Член 1**

Со овој Правилник, се уредува организационата поставеност на фестивалот на новосоздадена македонска песна “ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово.

**Член 2**

За реализација на програмската содржина, се установува следната организациона поставеност на фестивалот.

1. Директор на фестивалот
2. Уметнички директор на фестивалот
3. Технички директор на фестивалот

**Член 3**

**Директор на фестивалот**

Директор на фестивалот се избира по пат на јавен конкурс, кој во име на Општина Валандово, како носител на фестивалот, го распишува Градоначалникот на општината.

За Директор на фестивалот може да биде избрано лице кое покрај општите услови има завршено високо образование од областа на општествено-хуманитарните науки и најмалку 5 години работно искуство во дејноста.

Кандидатите за Директор задолжително доставуваат Програма за работа.

Градоначалникот формира комисија за селекција.

Комисијата за селекција е составена од три члена од кои еден од Општина Валандово и двајца од Министерството за култура.

Постапката за селекција се состои од административна селекција и интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот конкурс.

По завршувањето на административната селекција, Комисијата за селекција спроведува интервју со трите најуспешни кандидати.

Врз основа на резултатите од административната селекција и интервјуто, во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција доставува ранг-листа до Градоначалникот.

Градоначалникот, во рок од три дена по добивањето на ранг-листата од Комисијата, е должен да изврши избор на кандидат.

Избраниот кандидат во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето за извршениот избор на кандидат е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови.

Ако избраниот кандидат не ги исполнува општите и посебните услови, постапката се повторува за следните двајца кандидати од ранг-листата.

Директорот на фестивалот се избира со мандат од две години, со можност за повторен реизбор.

**Член 4**

**Уметнички директор на фестивалот**

Уметнички директор на фестивалот се избира по пат на јавен конкурс, кој во име на Општина Валандово, како носител на фестивалот, го распишува Градоначалникот на општината.

За Уметнички директор на фестивалот може да биде избирано лице кое покрај општите услови има завршено високо образование од областа на општествено-хуманитарните науки и најмалку 5 години работно искуство во дејноста.

Кандидатите за Уметнички директор задолжително доставуваат Програма за работа.

Градоначалникот формира комисија за селекција.

Комисијата за селекција е составена од три члена од кои еден од Општина Валандово и двајца од Министерството за култура.

Постапката за селекција се состои од административна селекција и интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот конкурс.

По завршувањето на административната селекција, Комисијата за селекција спроведува интервју со трите најуспешни кандидати.

Врз основа на резултатите од административната селекција и интервјуто, во рок од три дена од денот по спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција доставува ранг-листа до Градоначалникот.

Градоначалникот, во рок од три дена по добивањето на ранг-листата од Комисијата, е должен да изврши избор на кандидат.

Избраниот кандидат во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето за извршениот избор на кандидат е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови.

Ако избраниот кандидат не ги исполнува општите и посебните услови, постапката се повторува за следните двајца кандидати од ранг-листата.

Уметничкиот директор на фестивалот се избира со мандат од две години, со можност за повторен реизбор.

**Член 5**

**Технички директор на фестивалот**

Технички директор на фестивалот се избира по пат на јавен конкурс, кој во име на Општина Валандово, како носител на фестивалот, го распишува Градоначалникот на општината.

За технички директор на фестивалот може да биде избирано лице кое покрај општите услови има завршено високо образование од областа на општествено-хуманитарните науки и најмалку 5 години работно искуство во дејноста.

Кандидатите за Технички директор задолжително доставуваат Програма за работа.

Градоначалникот формира комисија за селекција.

Комисијата за селекција е составена од три члена од кои еден од Општина Валандово и двајца од Министерството за култура.

Постапката за селекција се состои од административна селекција и интервју.

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот конкурс.

По завршувањето на административната селекција, Комисијата за селекција спроведува интервју со трите најуспешни кандидати.

Врз основа на резултатите од административната селекција и интервјуто, во рок од три дена од денот по спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција доставува ранг-листа до Градоначалникот.

Градоначалникот, во рок од три дена по добивањето на ранг-листата од Комисијата, е должен да изврши избор на кандидат.

Избраниот кандидат во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето за извршениот избор на кандидат е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови.

Ако избраниот кандидат не ги исполнува општите и посебните услови, постапката се повторува за следните двајца кандидати од ранг-листата.

Техничкиот директор на фестивалот се избира со мандат од две години, со можност за повторен реизбор.

Техничкиот директор составува оперативен тим преку кој ќе ги реализира програмските активности.

**Член 6**

**Програмски совет на фестивалот**

Програмскиот совет на фестивалот се формира доколку по спроведена постапка со Јавен конкурс не бидат избрани Директори на фестивалот.

Програмскиот совет го формира Градоначалникот и брои од 3-5 члена.

Мандатот на Програмскиот совет трае до завршувањето на обврските кои ќе ги има на фестивалот кој се реализира.

**Член 7**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово бр.08-174/9 од 13.12.2018 година. („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.15/2018)

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-134/5 Совет на Општина Валандово
29.11.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков